Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Радовиш**

Се објавува Заклучок за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Радовиш, донесен на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 10.04.2025 година.

08-488/2<br>
10.04.2025 година

Општина Василево<br>
Градоначалник<br>
Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработака (Службен Весник на РМ бр. 79/09), член 14 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 05/2002 ) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на општина Василево на седница одржана на 10.04.2025 година донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Радовиш**

1.Советот на општина Василево го утврдува предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Радовиш.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево.”

08-488/1<br>
10.04.2025 година

Совет на Општина Василево<br>
претседател<br>
Ристо Делијанов

--------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Радовиш**

Се објавува Одлуката за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Радовиш, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 10.04.2025 година.

08-489/2<br>10.04.2025 година

Општина Василево<br>Градоначалник<br>Славе Андонов

-----------------------------------------------

Врз основа на член 6 од Законот за меѓуопштинска соработака (Службен Весник на РМ бр. 79/09), член 14 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 05/2002 ) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на општина Василево на седница одржана на 10.04.2025 година донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Радовиш**

**Член 1**

Советот на општина Василево утврдува предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Радовиш.

Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработака е покренат од Градоначалникот на општина Василево.

**Член 2**

Меѓуопштинска соработка ќе се остварува со вршење на определени работи од страна на општина Радовиш за општина Василево.

**Член 3**

Работи кои општина Радовиш ќе ги извршува за општина Василево се од обласa на инспектор за животната средина.

**Член 4**

Работите и работните задачи што ги извршува вработеното лице во општина Радовиш, кое е вработено како инспектор за животна средина да ги врши во име и за сметка на општина Василево.

**Член 5**

За вршење на работите од членот 3 на оваа Одлука, Општина Василево со Општина Радовиш ќе склучат договор со кој поконкретно ќе се утврди рокот за извршување на работите и финансиските импликации од соработката.

Договорот ќе го склучат Градоначалникот на општина Радовиш и Градоначалникот на општина Василево.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево“.

08-489/1<br>10.04.2025 година

Совет на Општина Василево<br>претседател<br>Ристо Делијанов